Врз основа на член 52, став 1, алинеа 1, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), Универзитетскиот сенат, на 29. седница одржана на 28.12.2010 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за давање согласност**
**на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет -Скопје**

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните одно-си и работењето на Филозофскиот факултет-Скопје.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 25.10.2010 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места и за условите за вршење на работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

**Член 1**

Во чл. 12, т. - 2. Студентска администрација, во потточката 2.1., по зборот ВСС се додаваат зборовите:

„ заштита на лични податоци“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет Ïјустинијан Први“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 26.4.2010 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје) -пречистен текст**

**Член 1**

Член 3, став (4) се менува и гласи: „На студентот кој завршил студии во траење од 2 години (4 семестри), со одбрана на магистерски труд и стекнување вкупно 300 кредити, му се издава следнава диплома

| | |
|---|---|
| Правни студии | **Диплома: МАГИСТЕР ПО ПРАВО ОД ОБЛАСТА...**<br>**Мастер оф Лањс (ЛЛ.М)** |
| Политички студии | **Диплома: МАГИСТЕР НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ОД ОБЛАСТА...**<br>**Мастер оф Артс ин Политицал Сциенце (МА)** |
| Студии по новинарство | **Диплома: МАГИСТЕР ПО МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИИ ОД ОБЛАСТА...**<br>**Мастер оф Артс ин Медиа анд Цоммуницатион (МА)** |

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се применува од генерацијата студенти запишани на втор циклус студии во учебната 2008/09 година.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на член 219, став 5, точка 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 53, став 5, алинеја 2 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканатската управа на Правниот факултет „Јустинијан Први", на седницата одржана на 23.11.2010 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за организација на ораторската вечер „Иво Пухан" на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Член 1**

Ораторската вечер „Иво Пухан" се организира во спомен и во чест на научниот и општествениот придонес на проф. д-р Иво Пухан за афирмацијата на значењето на говорништвото и на правната професија и за развојот на Правниот факултет „Јустинијан Први".

**Член 2**

Ораторската вечер традиционално се организира еднаш годишно, во рамките на прославата на 10 декември –Ден на човековите права.

По потреба, манифестации во рамките на Ораторската вечер можат да се организираат и дополнително по други поводи.

**Член 3**

Активностите на организацијата на Ораторската вечер ги реализира организационен одбор.

Членовите на организациониот одбор ги именува деканот, по предлог на Катедрата за римско право.

По функција, членови на организациониот одбор се:

- деканот на Факултетот;
- наставниците избрани на Факултетот, кои се распоредени на работни задачи на предметните програми: реторика, стилистика и реторика и реторика и правна аргументација;
- претседателот на Клубот на оратори на Правниот факултет „Јустинијан Први";
- покровителот на Ораторската вечер.

Надворешни членови на организациониот одбор можат да бидат истакнати стручњаци од практиката, како и лица од академската, културната и деловната заедница во Република Македонија и од странство, кои придонеле за афирмацијата на говорништвото.

Со организациониот одбор раководи претседател.

Во работата на претседателот му помага секретар.

**Член 4**

Организациониот одбор:

- објавува конкурс за пријавување кандидати за Ораторската вечер;
- утврдува Правила за учество на Ораторската вечер, категории на учесници и карактер на наградите кои се доделуваат за најдобрите учесници;
- има функција на стручно жири за доделување награди за определени категории учесници.

Конкурсот и Правилата од став 1 на овој член се објавуваат и на веб - страницата на Факултетот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот.

**Декан**
**Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.**